Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08-475/75
28.10 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр.1/97, член 62 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл.Весник на Р.С.М.“ бр. 12/19), Советот на општина Шуто Оризари, донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат мерките, начинот и постапката за спречување, откривање и управување со случаите на судир на интереси во општина Шуто Оризари, обврските на избраните, именуваните и вработените лица во општинската администрација, како и надлежностите на овластеното лице за управување со судир на интереси.

Член 2

Целта на овој Правилник е да се обезбеди законитост, објективност, транспарентност и непристрасност во вршењето на јавните овластувања и работи од надлежност на општина Шуто Оризари, како и зајакнување на довербата на граѓаните во институцијата.

Член 3

Под „Судир на интереси“ се подразбира состојба во која приватниот интерес на избраното, именуваното или вработеното лице влијае или може да влијае врз непристрасното и објективното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под „Приватен интерес“ се подразбира имотна или друга корист (материјална или нематеријална) за лицето од став (1) на овој член, членовите на неговото семејство или со него поврзани блиски лица.

II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ЗАБРАНИ

Член 4

Секое лице вработено или ангажирано во општина Шуто Оризари е должно своите должности да ги извршува совесно, стручно, одговорно и согласно закон, притоа ставајќи го јавниот интерес пред приватниот.

Член 5

Во вршењето на своите функции и работни задачи, на службените лица во Општината им е забрането:

- Да го користат своето службено положние за остварување лична корист или корист за поврзани лица;
- Да учествуваат во донесување одлуки во кои тие или поврзани лица имаат приватен интерес.
- Да примаат подароци, услуги или какви било други погодности кои можат да влијаат врз нивното одлучување, освен протоколарни подароци во согласност со закон.

III. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 6

Избраното, именуваното или вработеното лице во Општина Шуто Оризари е должно веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена од дознавањето за постоење на судир на интереси, писмено да го извести својот непосредно претпоставен или Овластеното лице за судир на интереси.

Во известувањето од став (1), лицето е должно детално да ја опише состојбата на судир на интереси и да побара да биде изземено од понатамошно постапување, одлучување или контрола во конкретниот предмет или постапка.

Член 7

Непосредно претпоставениот службеник, односно Градоначалникот, во рок од 2 (два) дена од приемот на известувањето од член 6, донесува решение со кое го иззема лицето и одредува друг вработен да ја преземе работата врз конкретниот предмет.

До донесувањето на решението од став (1), лицето кај кое постои сомневање за судир на интереси е должно веднаш да запре со секакво постапување по однос на предметната постапка.

Член 8

Секое лице (граѓанин, деловен партнер или вработен) кое има сознанија дека кај одредено службено лице во Општината постои судир на интереси, може да поднесе писмена пријава до Овластеното лице.

Пријавата содржи подароци за лицето за кое се пријавува, како и детален опис на околностите кои укажуваат на судир на интереси.

IV. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 9

Градоначалникот на Општина Шуто Оризари со посебно решение назначува Овластено лице за спречување и управување со судир на интереси (во натамошниот текст: Овластено лице).

Овластеното лице води посебна евиденција за сите пријавени случаи, поднесени известувања за изземање и донесени решенија.

Член 10

Овластеното лице е должно еднаш годишно да поднесува извештај до Градоначалникот и до Советот на општина Шуто Оризари за состојбите со судирот на интереси во Општината.

V. ОДГОВОРНОСТ И САНКЦИИ

Член 11

Постапувањето во состојба на судир на интереси, непријавувањето на судирот на интереси или одбивањето да се изврши решението за изземање претставува тешка повреда на службената должност и работната дисциплина.

Против лицето кое ќе постапи спротивно на одредбите од овој Правилник се покренува дисциплинска постапка согласно Законот за административни службеници и колективните договори, без оглед на евентуалната прекршочна или кривична одговорност согласно закон.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

За сè што не е уредено со овој Правилник, директно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување и истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари".

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер

Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08- 475 / 54
28.10. 2026г од-berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), член 36, став 1 , точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 01/97), член 62 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Сл.Весник на РСМ“ бр. 12/19), Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари на својата 10-та Седница, одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за спречување и управување со судир на интереси во општина Шуто Оризари.

Член 2

Правилникот од член 1 на оваа Одлука е составен дел на истата и претставува правна рамка за постапување, превенција и навремено детектирање на состојбите со судир на интереси на сите службени лица, избрани и именувани лица и надворешни соработници во општина Шуто Оризари.

Член 3

За спроведување на овој Правилник и задолжителната евиденција на изјавите за интереси, се задолжува Градоначалникот на Општината и Овластеното лице (Лице за интегритет), во согласност со претходно утврдените надлежности.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“, и веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер